**2026058969**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 март 2026 година.

Бр. 08-2066/1
12 март 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Член 1

Во Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19 и 176/21), во членот 4 по став (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Договорниот орган може да го примени овој закон за набавка на стоки, услуги или работи на критична инфраструктура, како што е дефинирана со прописите за безбедност на мрежни и информациски системи и прописите од областа на одбраната и безбедноста.“.

Член 2

Во член 9 ставот (2) се брише.

Член 3

Во член 50 во ставот (10) зборовите: „економската и финансиската состојба“ се заменуваат со зборовите: „техничката или професионална способност“.

Член 4

Во членот 111-в во ставот (2) зборовите: „Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за одбрана“ се заменуваат со зборовите: „министерот за одбрана“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена и нивни заменици.“.

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Ставовите (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи подзаконскиот акт од членот 9 став 2 од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19 и 176/21).

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.